**Предмет Екологија и одржлив развој – професор д-р Зоран Шапуриќ**

јануари 2023

# ЕВРОПСКА УНИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Европската унија е лидер во светот во поглед на еколошките стандарди, кои се со највисоки пареметри за заштита на животната средина. Ова се однесува на сите сектори на животна средина, за заштита на природата, воздухот, водата, индустријата, хемикалии , почвата итн. ЕУ е зааедница од 27, која има заеднички политики во многу области, економија, надворешна политика, транспорт, енергија итн, а помеѓу овие области е и заедничката полтика, заедничкото законодавство и заедничките активности во областа на животната средин.

**Политика и заеднички активности на ЕУ во областа на животна средина, Историски приказ**

- Римските спогодби не ја третираат заедничката политика на ЕУ во областа на животна средина, Потоа во Спогодбата од Мастрихт, Амстердам и Ница се зајакнуваат заедничките активности на ЕУ во областа на животна средина

финализација назаеднички политики на ЕУ во оваа област во последната спогодба тн. Лисабонска спогодба, од 2010 каде што, се утврдува поинтезивна соработка и позасилени активности во областа на животна средина во ЕУ.

Политика и заеднички активности  на животна средина на ЕУ
Се спроведува преку заеднички политики, заеднички стратегии и заеднички акциони планови и заедничка правна регулатива во областа на животна средина,
Оваа политика се спроведува преку заеднички институции на ЕУ и како со институциите на земјите членки на ЕУ,
Постоји дел од ЕУ еколошки активности кои спаѓат како ексклузивно право на ЕУ ( како на пример, заштита на морињa и океани и рибниот фонд и флората и фауната во морињата и океаните- што во праксkа значи и строго лимитриани квоти за право на улов на риба за земји членки, кои ги утврдува ЕУ.
- подделени надлежности во оваа област се надлежности во кои имаат улога и институциите на ЕУ и на земјите членки
Ексклузиви надлежности на земји членки во областа на животна средина кои се се помали со оглед на се послни и похрентни активности на ЕУ во областа на животансредина.а

Политика и заеднички активности  на животна средина на ЕУ
Се спроведува преку заеднички политики, заеднички стратегии и заеднички акциони планови и заедничка правна регулатива во областа на животна средина,
Оваа политика се спроведува преку заеднички институции на ЕУ и како со институциите на земјите членки на ЕУ,
Постоји дел од ЕУ еколошки активности кои спаѓат како екслузивно право на ЕУ ( како на пример, заштита на морињa и океани и рибниот фонд и флората и фауната во морињата и океаните- што во пракска значи и строго лимитриани квоти за право на улов на риба за земји членки, кои ги утврдува ЕУ.
- подделени надлежности во оваа област се надлежности во кои имаат улога и институциите на ЕУ и на земјите членки
Ексклузиви надлежности на земји членки во областа на животна средина кои се се помали со оглед на се послни и похрентни активности на ЕУ во областа на животансредина.а

Главни карактеристики на заедничка политика на ЕУ во областа на животна средина

- концентрација на кадровски ресурси во заенички интситуции
- концентрација на финасиски средства за еколошки проекти, како на ниво на ЕУ така и на ниво на земјите членки
- финасиска подршка за еколошки проекти преку структурни и кохезини фондови на ЕУ и одредени заеднички фондови како на Пример, програмата НАТУРА.
- финасиска подршка за земјите кандидати за членство на ЕУ и земјите аспиранти преку предпристапни проекти , како на пример, ИПАРД фондови.
- изградба и развој на заеднички еколошки стандарди во сите еколошки сфери( води, отпад, заштита на природа, воздух, хемикалии, почва, хорионтално законодавство, заштита на природа, заштита од бучава итн.
- развој на заедничка еколошка правна регулатива.

**Институции на ЕУ** кои имаат улога во развој и реализација на заеднички активности и заедничка регулатива на ЕУ.

Европски совет ( составен од шефови на држави членки на ЕУ)

Совет на министри,

Европска комисија составена од претседател и 26 еврокомесари ( вкупно 27 по еден од секоја земја членка), избрана за период од 5 години од страна на Европскиот парламент за период од пет години.

Во Европската комисија два члена се еврокомесари од областа на животна средина: комесар за животна средина и комесар за климатски промени.

Директорати

Европски парламент, избран непосредно од граѓаните на земји членки со мандат од пет години.
Економско социјален комитет
Комитет на региони,
Агенција за животна средина,
Судот на правда на ЕУ,
Други агенции

# ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ЕУ е како што напоменавме, светски лидер во еколошките стандарди, но исто така и свестски лидер во областа на законодавство во животната средина.

Ова законодавство обезбедува висок квалитет на заштита на животната средина.

Но покрај заедничките активности и стандарди поради тоа што тие зависат и од степенот на економската развиеност, сите земји членки на ЕУ немаат исти можности за обезбедување на високи стандарди.

Поради тоа, еколошкото законодавство овозможува постепен процес за практичната имплементација на стандардите.

Така на пример особено високи еколошки стандарди имаат Скандинавските држави, како и Германија и Холандија, на пример, додека  за т.н нови земји членки на ЕУ, е предвиден подолг рок за имплементација, како на пример за Романијаи Бугарија.

Директивите во областа екологија  се флексибилни правни инструменти со кои се утврдуваат општи начела и цели на ниво на ЕУ, а на земја членка преостанува, да ги имплеметира начините и методите на остварување на заедничките цели.
Директивите мора да се транспонираат во национално законодавство.
Регулативите автоматски се применуваат во земји членки.најчесто во областа примена на одредби од меѓунардни еколошки конвенции, еколошка статистика, утврдување на еколопки стандарди и сл

Законоодавството на ЕУ во областа на животната средина се усвојува во процес на заедничко одлучување од страна на Совет на министри ( во кој членуваат министри задолжени за животната средина од сите земји членки) и од Европскиот парламент.

Претходно е непоходна консултација со институциите на земјите членки, како и со Економско социјалниот комитет на ЕУ, како и со Комитетот на региони.

Во областа кај директивите често постојат рамковни директиви кои на општ начин ја регулираат одредена проблематика, како и посебни директиви, кои ја регулираат подетално определена тематика од рамковната директива.

Примери:

- Рамковна директива за оптпад, па потоа: директива за електронски и електричен отпад, директива за пакување и отпад од пакување, директива за согорување на отпад, директива за отпад од батерии и акумучатори итн.
- Рамковна директива за води, па потоа : директиви за вода за пиење, директива за вода за лична хигиена, директиви за вода за капење итн.

Покрај директиви и регулативи постојата и акти од т.н ,, меко право,, како што се на пример, резолуции, декларации, препораки итн.
Овие акти немаат задолжителана примена и се сотојат од насоки како треба да се делува во областа на животна средина.
Посветеноста на ЕУ во оваа област може да се види и од фактот што во Европската комисија од 27 членови , односно еврокомесари двајца членови се надлежни за овие прашања: Комесар за климатски промени, и Комесар за животна средина.

РС Македонија како земја членка кандидат за полноправно членство во ЕУ, има обврска да го усогласува своето законодавство со законодавство на ЕУ. И тоа, во голема мера се спроведува но проблемите настануваат при практичната имплментација.
Пример, имплментирани се директивите за отпад во националното законодавство, во областа на отпадот, но сеуште најголем дел на отпадот се депонира, а многу мал дел се рециклира или преработува.
Исто и кај директивите во областа на воздухот, но имплементацијата оди тешко на пример, состојбата со концемтрација на ПМ 2, 5 и ПМ 10 честички.

ЕУ посветува исто така, големо внимание на законодавство во областа на енергија со залагање на поголемо користење на енергија од обновливи извори, а намалување на енергија од фосилни извори.
Фосилни извори: нафта и нафтени деривати, јаглен дрво, гас( иако природниот гас спаѓа во т.н еколошки горива не се смета за необновлив ресурс затоа што капацитетите и ресурсите се ограничени, не с е бесконечни), вода и сл
Енргија од обновливи извори: ветрова енергија,  енергија од биогас и биомаса, сончева енергија, хидроводна енергија, енергија од морски бранови и др.
напонена: материјалот е обработе на страни 272-309.

Свесна за постоењето на овие разлики, Европската унија не се откажува од натамошно засилување на заедничката политика и изградба на заедничките стандарди во животната средина. Притоа, во рамките на оваа утврдена политика јасно е ставен акцент дека одредена заедничка политика и стандарди ќе се спроведат во различни временски периоди во одделни земји што се членки. Но, истовремено продолжува и процесот на засилување на поврзаноста на Унијата, како и зголемување на финансиската, технолошката и кадровската помош на Унијата кон земјите што се членки, а кои се на понизок степен на економскиот, социјалниот и на еколошкиот развој, со што се настојува во догледен период сосема да се изедначат стандардите во сите сектори на животната средина.

Постојат повеќе причини за постојано интензивирање на заедничката политика, односно заеднички политики, на Унијата во областа на животна средина. Како прво, Европската унија води изедначена политика во многу области на општествено-економското живеење, па оттаму е сосема нормално да се води заедничка политика и во областа на животна средина. Втората важна причина е условена од заедничкиот институционален, организациски, финансиски, техничко-технолошки, научен и друг капацитет на Унијата, кој е многу посилен, отколку поединечните капацитети на земјите што се членки, при што може да се нагласи дека ова особено доаѓа до израз ако се спореди вкупниот капацитет на Унијата со капацитетот на новопримените земји што се членки. Притоа, треба да се има предвид фактот, како што наведуваат некои автори, на пример,, дека институциите на Унијата се во постојан процес на зголемување на својот капацитет. Третата причина произлегува од  самиот карактер на глобалноста, опасностите од деградацијата на животната средина и ширината на опфатеноста на подрачјето загрозено со негативните ефекти од деградацијата. Заедничките проблеми во животната средина бараат и заеднички активности, мерки и решенија. Четврто, високите еколошки стандарди во рамките на Унијата често доведуваат до зголемување на цените на производите и на услугите во рамките на Унијата, така што тоа бара единствен настап во економско-трговските односи кон третите земји, при што во случај на повреда на еколошките стандарди се воведуваат и

вградува и клаузулата за почитување на екостандардите за производите и на услугите. Европската унија во водењето на својата вкупна надворешно-трговската политика ја има предвид животната средина. Во оваа смисла, во Унијата може да се увезуваат само стока и услуги што ги исполнуваат строгите и прецизно дефинираните еколошки стандарди. Ова е уште еден јасен индикатор што ја потврдува сериозната и цврстата определба на Унијата за цврстата решеност за интензивно дејствување во областа на унапредувањето и заштитата на животната средина.

И како петта, најважна причина за оваа заедничка политика, односно заеднички политики на Унијата, може да се наведе дека заедничката политика доведува до поефикасни и поефективни мерки и активности во унапредувањето и заштитата на животната средина. Ова го потврдува и досегашното искуство во градењето и спроведувањето на заедничката политика. Ова, според нас, се само дел од многубројните причини што ги издвојуваме како најбитни за водење на заедничка политика во областа на животната средина на Унијата.

И како петта, најважна причина за оваа заедничка политика, односно заеднички политики на Унијата, може да се наведе дека заедничката политика доведува до поефикасни и поефективни мерки и активности во унапредувањето и заштитата на животната средина. Ова го потврдува и досегашното искуство во градењето и спроведувањето на заедничката политика. Ова, според нас, се само дел од многубројните причини што ги издвојуваме како најбитни за водење на заедничка политика во областа на животната средина на Унијата.

Современата политика на Европската унија се базира на високи стандарди за сите медиуми на животната средина, односно за воздухот, почвата и на водата, како и за сите сектори на животната средина, управувањето отпад, заштитата на природата, заштитата од бучава, од генетски модификувани организми, управувањето хемикалии, климатските промени, контролата на загадување од индустријата итн. Високите стандарди во заштитата и во унапредувањето на животната средина се многу важна карактеристика на Унијата. Овие еколошки стандарди постојано се издигнуваат на сè повисоко ниво. Се разбира дека не е можно истовремено спроведување на овие стандарди во сите земји на Европската унија, пред сè, ако се земат предвид разликите во степенот на економско-социјалниот развој. Затоа, Унијата ја практикува политиката на етапност и на приспособливост во спроведувањето на овие стандарди,